МАШИНА ЗА КАНТИРАЊЕ

RK-5ALL-SERVO+PUR



Машина за кантирање од премиум серијата на RADEK, наменета за прецизна обработка, висок капацитет и одличен финиш на секое изработено парче. RK-5ALL-SERVO+PUR е идеален избор за производители кои сакаат да го унапредат производството со брзина на кантирање до 23 метри во минута. Големиот 21,5-инчен дисплеј на допир со прегледен интерфејс овозможува едноставно управување и автоматско подесување на дебелината на панелот. Цврстата конструкција обезбедува стабилност, додека дополнителните притисни тркала го држат панелот стабилен во текот на обработката.

Серво-подесувањето овозможува брзо и прецизно позиционирање на работните единици со серво-погон директно преку дисплејот на допир. Операторот ги задава потребните вредности, а серво-моторите автоматски ги поставуваат соодветните единици во избраната позиција. На овој начин се олеснува преминувањето меѓу различни дебелини на панели и кант-траки, се скратува времето за подесување и се намалува можноста за човечка грешка. Прецизното повторување на зададените позиции придонесува за постојан квалитет при обработката на секоја серија.

Главна предност на овој модел се двата одделни уреди за лепење, секој со сопствен канистер — еден за EVA и еден за PUR лепило. Проширениот дел за лепење ги сместува двата система во самата машина, додека надворешниот PUR уред овозможува топење и дозирано снабдување со PUR лепило. Оваа конфигурација овозможува избор на лепило според материјалот и барањата на готовиот производ, со поголема флексибилност при организирање на производството.

Ширина на панелот	минимум 80mm
Дебелина на панелот	10-60mm
Дебелина на трака	0.4-3mm
Брзина на обработка	15-23m/min
Работен притисок	6 bar
Моќност на предфрезери	2.2kW (x2)
Моќност на крајно сечење	0.37kW (x2)
Моќност на груби фрези	0.75kW (x2)
Моќност на фини фрези	0.75kW (x2)
Моќност на корнер фрези	0.37kW (x2)
Моќност на полирки	0.37kW (x4)
Моќност на транспортер	4kW
Вкупна моќност	21.5kW
Димензии на машината	8800x1000x1600mm
Димензии на пакување	8900x970x1800mm
Тежина	2850kg



21.5-ИНЧЕН ДИСПЛЕЈ

Машината е опремена со 21.5-инчен дисплеј со јасен и прегледен интерфејс. Сите функции се лесно достапни, што овозможува едноставно управување, побрзи подесувања и поудобна работа за операторот.



СЕРВО ПОДЕСУВАЊЕ

Серво подесување на пред-фрезерите, радиус фрезите и радиус скалперите за брзо и прецизно позиционирање преку контролниот екран. Овозможува побрза промена на работните параметри, помалку рачни подесувања и висока повторливост при обработката.



ПОЧЕТНА ХЕМИЈА

Овозможува нанесување на средство на панелот против остатоци од лепак. Се применува пред влезот на панелот во кантерица, со цел да се спречи лепење на несакани честички и да се одржат чисти рабовите.



ПРЕД-ФРЕЗЕРИ

Дизајнирани да ги елимнираат оштетувањата од кроењето и да гарантираат рамна површина идеална за лепење. Изработени со дијамантски секачи и дополнителни дувалки за да ги отстранат остатоците од парчето кое се кантира со цел квалитетно лепење на траката. Контролата на двата предфрезери се врши со висококвалитетни пневматски цилиндри.



ПРЕД-ЗАГРЕВАЊЕ

Овозможува пред-загревање на панелот кој е неопходна основа за високо квалитетно кантирање, особено важно за во зимскиот период. Функцијата за предзагревање ја припрема површината на кантот, овозможувајќи подобра поврзаност со материјалот и повисок квалитет.



PUR ЛЕПИЛО

Систем за работа со PUR лепило, наменет за повисок квалитет на лепење и поголема отпорност на влага, топлина и секојдневна употреба. PUR лепилото е одличен избор за производители кои бараат поквалитетен и подолготраен кант, особено кај кујни, купатила и мебел изложен на поголемо оптоварување.



ДВА УРЕДИ ЗА ЛЕПЕЊЕ

Можност за работа со два оддели канистри за лепак, што овозможува поголема флексибилност во производството. Едниот канистер може да се користи за бел лепак, а другиот за транспарентен лепак, или да се направи комбинација со EVA и PUR лепило, во зависност од потребите на производството.



ПНЕВМАТСКИ РОЛЕРИ

6 пневматски ролери, 4 идентични, 1 со поголем дијаметар и 1 со гумен материјал кој овозможуваат притисок за одлично лепење на траката. Оваа конфигурација гарантира рамномерен и сигурен контакт со кантот, што резултира со висок квалитет на завршната обработка.




ПОМОШЕН УРЕД ЗА МАЛИ ПАРЧИЊА

Помошен уред за безбедно пуштање на мали парчиња во кантерката. Операторот не мора да го притиска парчето директно со рака, со што се намалува ризикот од повреда и се обезбедува постабилно водење на малите елементи низ машината.



КРАЈНО СЕЧЕЊЕ

Прецизно сечење на краевите од панелот со две пили со голем број на вртежи (12.000). Обезбедува чисти и правилни рабови, подготвени за понатамошна обработка без потреба од дополнително порамнување.



ГРУБИ ФРЕЗИ

Прецизна обработка на горниот и долниот дел од панелот со два рамни фрезери со голем број на вртежи (12.000). Овие фрезери овозможуваат брза и ефективна обработка, подготвувајќи ја површината за понатамошни процеси.



ФИНИ ФРЕЗИ

Прецизна обработка на горниот и долниот дел од панелот со два фрезери со радиус (R1,R2,R3) и голем број на вртежи (12.000). Овие фрезери овозможуваат висококвалитетна обработка, обезбедувајќи мазна и детална површина на кантот.



КОРНЕР ФРЕЗА

Прецизна обработка на ќошевите од двете страни на панелот со два фрезери со радиус (R1,R2,R3) и голем број на вртежи (18.000). Овие фрезери овозможуваат чисти и заоблени рабови, обезбедувајќи висок квалитет и естетика на крајниот производ.



ДОПОЛНИТЕЛНИ РАМНИ СКАЛПЕРИ

Покрај стандардните радиусни скалпери, RK-5ALL-SERVO+PUR располага и со дополнителни рамни скалпери. Ова овозможува уште подобра финиш обработка, почиста површина и поквалитетен изглед на кантот.



РАДИУС СКАЛПЕРИ

Скалпери со радиус за фина доработка на линијата на работ од панелот за да го направи мазен. Овозможуваат прецизно обликување и отстранување на вишокот лента, со што се добива чист и визуелно усогласен раб.



ЗАВРШНА ХЕМИЈА

Овозможува нанесување на средство на панелот за чистење на остатоците од лепак. Обезбедува чиста и професионална завршница на рабовите, подготвени за финална обработка или монтажа.



ДВА СЕТА ПОЛИРКИ

Крајна обработка на панелот со полирање за да се овозможи уште помазен финиш. Полирачките елементи отстрануваат ситни остатоци и траги од обработка, оставајќи површина со висок сјај и професионален изглед.



АВТОМАТСКИ СИСТЕМ ЗА ПОДМАЧКУВАЊЕ

RK-5ALL-SERVO+PUR е опремена со 3 автоматски пумпи за подмачкување, за разлика од стандардната изведба која располага со 1 автоматска и 2 рачни точки за подмачкување. Автоматскиот систем овозможува полесно одржување, постабилна работа и подолг век на механичките компоненти.

ПОВРАТНА ТРАКА

RK-CB5-PRO



Повратната трака е интелигентно решение кое значително ја зголемува продуктивноста и ја намалува потребата од работна сила. Компатибилна со кантерицата RK-5ALL-SERVO+PUR, оваа трака автоматски го враќа обработеното парче назад до операторот, овозможувајќи целосна работа од страна на само едно лице – без дополнителна помош.
Со ова дополнување, RK-5ALL-SERVO+PUR станува уште пофункционална, особено за работилници кои имаат ограничен број на оператори, но сакаат континуитет и максимална ефикасност.

Вкупна моќност	1.6 kW
Напон	380V, 50Hz, 3-фазен
Мотор	марка Guoyou
Инвертер	марка Guoyou
PLC контролер	марка Guoyou
Тип на трака	PE (темно зелена), дебелина 3mm
Димензии на главната трака	9000x1285x900mm
Носечка конструкција	Алуминиумски профил 40x80mm
Главна рамка	3 mm лим, свиткан и заварен, со надворешен премаз
Носивост	≤ 80 kg/m
Работна брзина	10 – 35 m/min
Тежина	1.1 T